**20110441130**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 2 април 2011 година.

Бр. 07-1796/1
2 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски**, с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2006 и 136/2008), во членот 2 точка 17 зборовите: „во време од три месеци до една година“ се заменуваат со зборовите: „повеќе од три месеци“.

Во точката 18 сврзникот “и“ се заменува со точка и запирка.

Во точката 19 на крајот на реченицата точката се заменува со сврзникот “и“.

По точката 19 се додава нова точка 20, која гласи:

“20. “Изборна администрација“ ја сочинуваат вработените во стручната служба на Државната изборна комисија, членовите на изборните органи, секретарите на општинските изборни комисии, нивните заменици и други лица времено ангажирани за изборен процес во помошните тела на Државната изборна комисија.“

Член 2

Во членот 4 став (2) зборовите: “тројца пратеници се избираат според пропорционалниот модел“ се заменуваат со зборовите: “тројца пратеници се избираат според мнозинскиот модел во еден изборен круг”.

Член 3

Во членот 6 став (2) по зборовите: “Република Македонија во странство“ се додаваат зборовите: “односно конзуларни канцеларии“.

Член 4

Во членот 7 ставот (2) се менува и гласи:

“Кандидат за пратеник, член на совет и градоначалник може да биде државјанин на Република Македонија, ако:

- наполнил 18 години живот и
- има деловна способност.“

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Кандидат за пратеник, член на совет и градоначалник не може да биде лице кое:

- е осудено со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеци, чие издржување сé уште не е започнато и
- се наоѓа на издржување казна затвор за сторено кривично дело.“

Во ставот (3) кој станува став (4) зборовите: “право да биде избран за член на совет и градоначалник има секој“ се заменуваат со зборовите: “кандидат за член на совет и градоначалник може да биде“.

Член 5

Во насловот на точката 8 пред членот 11 по зборот „данок“ се става запирка и се додава зборот „царина“.

Член 6

Во членот 11 став (1) по зборовите: “во изборната постапка“ се додава зборот “услугата“.

Ставот (3) се менува и гласи:

“Министерот за финансии го пропишува постапувањето при оданочување со данок на додадена вредност на прометот на гласачките ливчиња и изборниот материјал потребен за спроведување на изборите, како и нивно царинење.“

Член 7

Во членот 18 ставот (2) се менува и гласи:

„Во општинската изборна комисија, односно Изборната комисија на градот Скопје и избирачкиот одбор, членови не можат да бидат и:

- избрани или именувани функционери од Владата, односно Собранието и лица вработени во државната администрација на Народниот правобранител, Министерството за правда, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Секретаријатот за законодавство, Државниот завод за статистика, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, стручната служба во Управниот суд, стручната служба на Државната изборна комисија и стручната служба на Државната комисија за спречување на корупцијата.“

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

“(4) Извршувањето на работите и работните задачи на вработените во органите на државната власт на денот на изборите, а заради остварување на нивното избирачко право, се организира во смени.“

Член 8

Во членот 22 по ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

“(2) Секој подносител на листа на кандидати за избор на претседател на Републиката или пратеници за гласањето во изборните единици во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија определува овластен претставник и негов заменик во Република Македонија кои ќе ја следат работата на изборните органи од започнувањето на изборите се до утврдувањето и објавувањето на конечните резултати.

(3) Овластен претставник и негов заменик пред изборните органи од ставовите (1) и (2) на овој член не може да биде лице утврдено за кандидат.“

Во ставот (2) кој станува став (4) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „најдоцна седум дена пред денот на изборите“.

По ставот (3) кој станува став (5) се додава нов став (6), кој гласи:

“(6) Овластениот претставник на подносителот на листата е должен да носи беџ со бројот на избирачкото место за кое е овластен да врши набљудување.“

Ставот (4) станува став (7).

Член 9

Во членот 25 став (1) по зборот „технички“ се става запирка и се додава зборот „просторни“.

Член 10

Во членот 26 став (1) зборот „заменик“ се заменува со зборот “потпретседател“.

Во ставот (2) зборот „заменикот“ се заменува со зборот “потпретседателот“.

Во ставовите (3) и (4) по зборот “Претседателот“ се става запирка и се додава зборот “потпретседателот“.

По ставот (7) се додаваат три нови става (8), (9) и (10), кои гласат:

„(8) По правило седницата на Државната изборна комисија ја свикува и со неа раководи претседателот на Државната изборна комисија.

(9) Во случај на отсуство или спреченост на претседателот на Државната изборна комисија, седницата на Државната изборна комисија ја свикува и со неа раководи потпредседателот на Државната изборна комисија.

(10) Државната изборна комисија ќе одржи седница и на предлог на член на Државната изборна комисија, ако предлогот е поддржан од мнозинството од вкупниот број на членови на Државната изборна комисија.“

Член 11

Во членот 27 став (1) по зборот “претседател“ се става запирка и се додава зборот “потпретседател“.

Алинејата 2 се менува и гласи:

„- да е дипломиран правник со најмалку осум години работно искуство како правник,“.

Ставовите (4) и (5) се менуваат и гласат:

„(4) Од кандидатите на предлогот на листата политичките партии во опозиција предлагаат претседател и двајца членови на Државната изборна комисија, а партиите на власт предлагаат потпретседател и тројца членови на Државната изборна комисија.

(5) Претседателот, потпретседателот и членовите на Државната изборна комисија ги избира Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.“

Во ставот (6) по зборот “претседателот“ се става запирка и се додава зборот “потпретседателот“.

Член 12

Во членот 28 став (1) зборот „заменикот“ се заменува со зборот „потпретседателот“.

Член 13

Во насловот пред членот 29 зборовите: „заменик на претседателот“ се заменуваат со зборовите: „потпретседател и членови“.

Член 14

Во членот 29 став (1) зборовите: „ заменик на претседателот“ се заменуваат со зборовите: „потпретседател и членови.“

Во ставот (2) зборовите: „ и замеником на претседателот“ се заменуваат со зборовите: „потпретседателот и членовите“.

Член 15

Во членот 31 став (2) точка 7 по зборовите: “Изборната комисија на градот Скопје“ се додаваат зборовите: “пред секои избори“.

Во точката 14 сврзникот “и“ по зборот “предава“ се заменува со запирка, а по зборот “прима“ се додаваат зборовите: “ и чува“.

По точката 14 се додава нова точка 14-а, која гласи:

“14-а) го чува изборниот материјал од изборите за претседател на Републиката, за пратеници во Собранието на Република Македонија и референдум на државно ниво;“.

Во точката 19 по зборот “изборот“ се додаваат зборовите: “и разрешување“.

Точката 24 се менува и гласи:

„24) донесува правилник и упатство за надоместок на членовите на изборните органи и изборната администрација, врз основа на бројот на избирачи, видот, сложеноста, како и обемот на работите и времетраењето за нивното извршување;“.

Точката 34 се менува и гласи:

“34) донесува Деловник со кој го уредува начинот на работата и одлучувањето на членовите на Државната изборна комисија;“.

Во точката 35 по зборовите: “други докази“ се додаваат зборовите: “ако има најмалку два приговори за соодветното избирачко место“.

Во точката 39 зборовите: „евиденција и “ се бришат.

Точката 42) се менува и гласи:

„42) ги сумира и утврдува резултатите од гласањето за листата на кандидат за избор на тројца пратеници, по еден од изборната единица за територијата во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија;“.

По точката 43 се додава нова точка 43-а, која гласи:

„43-а) јавно ги објавува ценовниците на радиодифузерите и печатените медиуми на својата интернет страница.“

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Обрасците и целокупниот изборен материјал за изборните единици број 7, 8 и 9 од овој закон, во кои најмалку 20% од запишаните гласачи во избирачкиот список за таа изборна единица зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик, се печатат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на службениот јазик и писмото што го зборуваат најмалку 20% од запишаните гласачи во избирачкиот список за таа изборна единица.“

Ставот (5) станува став (6).

Член 16

Во членот 32 став (1) зборовите: “Агенција за државни службеници“ се заменуваат со зборовите: „органот на државната управа надлежен за водење евиденција на државни и јавни службеници“.

Член 17

Во членот 34 став (1) по зборот „претседател“ запирката се заменува со сврзникот „и“, по зборот „члена“ се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Претседателот и членовите од ставот (1) на овој член имаат заменици.“

Ставовите (2), (3) и (4) стануваат ставови (3), (4) и (5).

Член 18

Во членот 37 став (2) точка 2 по зборот "работење" се додаваат зборовите: "пред денот на изборите и".

Во точката 5 по зборовите: "Државната изборна комисија" се додаваат зборовите: "пред секои избори".

Во точката 10 по зборот "одбори" точката и запирката се бришат и се додаваат зборовите: "и им издава беџови со бројот на избирачкото место на овластените претставници кои ќе ја следат работата на избирачките одбори".

Точката 15 се менува и гласи:

"15) во рок од пет часа од приемот на целокупниот изборен материјал од избирачките одбори ги сумира резултатите од гласањето за листата на кандидати од избирачките места за кои е надлежна, составува записници и истите и ги предава на Државната изборна комисија;".

Во ставот (4) по точката 2 се додава нова точка 3, која гласи:

"3) го чува изборниот материјал од локалните избори;".

Точките 3 и 4 стануваат точки 4 и 5.

Член 19

Во членот 38 став (2) по зборот „претседател" запирката се заменува со сврзникот „и" по зборот „члена" се става точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Претседателот и членовите имаат заменици."

Ставовите (3), (4) и (5) стануваат ставови (4), (5) и (6).

Во ставот (6) кој станува став (7) броевите "(4) и (5)" се заменуваат со броевите "(5) и (6)".

Во ставот (7) кој станува став (8) бројот "(6) "се заменува со бројот "(7)", а бројот "(3) "се заменува со бројот "(4)".

Член 20

По членот 38 се додава нов член 38-а, кој гласи:

„Член 38-а

За гласање во ДКП составот на избирачкиот одбор е идентичен со составот на избирачкиот одбор за гласање во Република Македонија и се формира во согласност со членот 38 од овој законик."

Член 21

Во членот 41 став (5) во втората реченица по зборот „странство" се става точка и зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 22

Во членот 42 по ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

"(3) Државната изборна комисија врши бришење во Избирачкиот список на починато лице или лице кое по кој било основ го загубило избирачкото право по барање на политичка партија со доставување на податоци за починатото лице или кое по кој било основ го загубило избирачкото право, врз основа на претходна проверка во податоците од матичните книги, евиденцијата на живеалиште и за државјанство на Република Македонија, други службени евиденции и со непосредно проверување.

(4) Запишувањето на државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство се врши и врз основа на доставена пријава во ДКП.“

Член 23

Во членот 43 став (1) алинеја 1 по зборот „живот“ се додаваат зборовите: „на денот на изборите“.

Член 24

Во членот 44 ставот (1) се брише.

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (1) и (2).

Член 25

Во членот 46 зборовите: “воените пошти, организациите, установите, единиците и “ се бришат.

Алинејата 2 се брише.

Член 26

Во членот 47 алинеја 1 точката се заменува со сврзникот “и“ .

Алинејата 2 се брише.

Член 27

Во членот 48 став (1) по зборот „комисија“ точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „ ДКП, како и преку Интернет“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство ако при увидот во ДКП утврдат дека тој или друг граѓанин не е запишан во Избирачкиот список или се утврди дека треба да се изврши запишување, дополнување или бришење на податоците, барањето за запишување, дополнување или бришење на податоците со кое приложува и соодветна документација се доставуваат по електронска пошта преку ДКП до Државната изборна комисија или директно до Државната изборна комисија.“

Во ставот (3) кој станува став (4) по зборовите: “со решение“ се додаваат зборовите: “врз основа на веродостојна документација“.

Ставовите (4), (5) и (6) стануваат ставови (5), (6) и (7).

По ставот (7) се додава нов став (8), кој гласи:

„(8) Државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство тужба против решението на Државната изборна комисија можат да поднесат по електронска пошта преку ДКП до Управниот суд или директно до Управниот суд.“

Член 28

Во членот 49 став (1) бројот „10“ се заменува со бројот „15“.

По ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

“(5) Политичките партии во текот на јавниот увид до заклучувањето и потпишувањето на избирачкиот список можат да направат увид на податоците во Избирачкиот список.“

Член 29

Во членот 50 ставовите (4), (5), (6) и (7) се бришат.

Член 30

По членот 50 се додава нова точка 7-а и нов член 50-а, кои гласат:

„7-а. Пријава и увид во Избирачкиот список за гласање во странство.

Член 50-а

(1) Државната изборна комисија веднаш, а најдоцна два дена од денот на распишувањето на изборите до Министерството за надворешни работи, доставува известување за објавување на јавен повик за распишување на изборите.

(2) Министерството за надворешни работи веднаш, а најдоцна во рок од три дена од денот на добивањето на известувањето од ставот (1) на овој член е должно да го достави до ДКП заради објавување во соодветната земја.

(3) Известувањето од ставот (1) на овој член се објавува на македонски јазик и неговото кирилско писмо, на јазиците и писмата на заедниците наведени во преамбулата на Уставот на Република Македонија и на службениот јазик на соодветната земја во најмалку еден од трите најтиражни национални весници, кои во претходната година имаат највисок износ на платени даноци, на најмалку една четвртина од страница.

(4) Известувањето од ставот (1) на овој член содржи податоци за видот на изборите за кои се гласа, повик за јавен увид во избирачкиот список и за пријавување за гласање, денот на започнувањето и завршувањето на пријавувањето за гласање, потребните документи, како и појаснување кој може да гласа и каде ќе се спроведува гласањето.

(5) Јавниот повик во рокот утврден во ставот (1) на овој член се објавува и на веб страницата на Министерството за надворешни работи, Државната изборна комисија и ДКП.

(6) Барањето за запишување, дополнување или бришење на податоците во посебните изводи од Избирачкиот список за време на јавниот увид, државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство можат да го поднесат по електронска пошта преку ДКП до Државната изборна комисија или до Државната изборна комисија.

(7) Во посебните изводи од Избирачкиот список се запишуваат државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство со пријавено последно живеалиште во Република Македонија и кои поднеле пријава за гласање за претстојните избори до ДКП на Република Македонија во соодветната земја.

(8) Од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на јавниот увид државјаните на Република Македонија од ставот (7) на овој член можат да доставаат пријава своерачно потпишана или испратена по електронска пошта со која се пријавуваат за гласање на претстојните избори.

(9) На изборите за избор на претседател и пратеници можат да гласаат државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство кои доставиле пријава за гласање и се запишани во посебните изводи од Избирачкиот список.

(10) Барањето од ставот (6) и пријавата од ставот (8) на овој член, ДКП веднаш, а најдоцна во рок од два дена по завршувањето на јавниот увид, ги доставува по електронска пошта до Министерството за надворешни работи, а Министерството за надворешни работи веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од денот на приемот на истите, ги доставува до Државната изборна комисија.“

Член 31

Во членот 58 став (3) по зборот „кандидати “ се додаваат зборовите: „може да“.

Член 32

Во членот 60 став (2) по зборот “кандидати“ се додаваат зборовите: “за избор на пратеници“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Општинската изборна комисија и Изборната комисија на градот Скопје го утврдува субјективитетот на подносителот на листата на кандидати за избор на членови на совет и градоначалници врз основа на изјавата на политичките партии кои настапуваат како коалиција на изборите за избор на членови на совет и градоначалници.“

Ставовите (3), (4) и (5) стануваат ставови (4), (5) и (6).

Ставот (6) кој станува став (7) се менува и гласи:

“(7) Ако подносител на листата на кандидати е група избирачи, називот на листата се означува со “група избирачи” и името и презимето на кандидатот.“

Член 33

Во членот 61 став (2) бројот “200 “ се заменуваат со бројот “1.000“.

Член 34

Во членот 63 став (1) по зборот „живеалиште“ запирката и зборовите: „професија и“ се бришат.

Во ставот (2 ) зборот „десеттиот“ се заменува со зборот „петнаесеттиот“.

Член 35

Во членот 64 ставови (1), (2), (3) и (4) по зборот „симболот“ се додаваат зборовите: „ако го има“, а зборот „професија“ се брише.

Член 36

Во членот 66 став (3) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: “и Изборната комисија на градот Скопје“.

Член 37

Во членот 67 по ставот (8) се додава нов став (9), кој гласи:

„(9) Доставувањето на приговор и тужба за гласањето во изборните единици во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија по пошта не е дозволено, а се врши преку овластениот претставник на кандидатите за тие изборни единици во Република Македонија.“

Член 38

Во насловот на Главата VI зборовите: “И ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗБОРНАТА КАМПАЊА“ се бришат.

Член 39

Под насловот по членот 69 се додава нов член 69-а, кој гласи:

“Член 69-а

(1) За изборна кампања се смета јавно собирање и други јавни настани организирани од страна на организаторот на кампањата, јавно истакнување на плакати, видеопрезентации на јавни места, изборно медиумско и интернет претставување, дистрибуирање на печатени материјали и јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми.

(2) Изборната кампања започнува 20 дена пред денот на изборите и во првиот и вториот круг на гласање не смее да трае 24 часа пред денот на изборите и на денот на изборите.“

Член 40

Членот 74 се менува и гласи:

"Од денот на донесувањето на Одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до завршувањето на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може да се врши никаква вонредна исплата на плати, пензии, социјална помош или други исплати од буџетски средства или средства од јавни фондови."

Член 41

Точката 3 пред членот 75 станува точка 2.

Член 42

Членот 75 се менува и гласи:

„(1) Советот за радиодифузија по претходно прибавено мислење од Државната изборна комисија донесува Правилник за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања и Правилник за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања и ги објавува во „Службен весник на Република Македонија".

(2) Со Правилникот за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања се пропишуваат содржини кои се сметаат за изборно медиумско претставување и кои не се дозволени во периодот пред започнување на изборната кампања, како и начинот на однесување на радиодифузерите од денот на распишување на изборите до денот определен за започнување на изборната кампања.

(3) Со Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања се пропишуваат облиците на изборно медиумско претставување за време на изборната кампања, начинот на обезбедување на рамноправен пристап во претставувањето на учесниците во изборниот процес во сите облици на изборно медиумско претставување и начинот на известување за време на изборниот молк во програмите на радиодифузерите.

(4) Радиодифузерите се должни да постапуваат согласно со прописите од ставот (1) на овој член.

(5) Радиодифузерите се должни на нивните програми да обезбедат рамноправен пристап во изборното медиумско претставување за време на изборната кампања на сите учесници во изборниот процес во согласност со Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања."

Член 43

По членот 75 се додава нов член 75-а, кој гласи:

„Член 75-а

(1) За време на изборната кампања, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат 15 минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма, исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за еден учесник во изборната кампања можат да одвојат најмногу 10 минути.

(2) Радиодифузерите и печатените медиуми се должни во рок од пет дена од денот на распишување на изборите да утврдат ценовници за платено политичко рекламирање на изборните програми и на кандидатите на учесниците во изборниот процес.

(3) Во периодот од утврдување на ценовниците до започнување на изборната кампања медиумите се должни, најмалку двапати, јавно да ги објават ценовниците од ставот (2) на овој член на своите програми, односно во своите печатени изданија.

(4) Ценовниците не смеат да се менуваат во текот на изборната кампања.

(5) Печатените медиуми се должни ценовниците од ставот (2) на овој член да ги достават до Државната изборна комисија и Државниот завод за ревизија во рокот утврден од ставот (3) на овој член, а радиодифузерите и до Советот за радиодифузија на Република Македонија.

(6) Радиодифузерите и печатените медиуми во Република Македонија се должни на сите учесници во изборниот процес да обезбедат рамноправен пристап за платено политичко рекламирање.“

Член 44

Членот 76 се менува и гласи:

„(1) Платеното политичко рекламирање мора да биде соодветно и видливо означено како „платено политичко рекламирање“ и јасно одвоено од другите содржини на медиумите.

(2) Во сите облици на платеното политичко рекламирање нарачателот на рекламирањето мора да биде јасно означен.

(3) Не е дозволено учество на малолетници во платено политичко рекламирање.

(4) Радиодифузерите не смеат да емитуваат платено политичко рекламирање во вести, посебни информативни програми, образовни и програми за деца и во преноси од верски, спортски, културни, забавни и други настани.

(5) Јавниот радиодифузен сервис не смее да емитува платено политичко рекламирање.“

Член 45

По членот 76 се додава нова точка 3 и два нови члена 76-а и 76-б, кои гласат:

“3. Медиумско следење.

Член 76-а

(1) Јавниот радиодифузен сервис е должен, без надоместок, во соработка со Државната изборна комисија да ги информира граѓаните за начинот и техниката на гласање и да емитува други информации поврзани со изборниот процес.

(2) За време на изборната кампања Јавниот радиодифузен сервис е должен да емитува бесплатно политичко претставување на учесниците во изборниот процес во согласност со Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања.

Член 76-б

(1) Советот за радиодифузија е должен да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите во Република Македонија од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите.

(2) Советот за радиодифузија е должен, по утврдувањето на неправилностите, да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд против радиодифузерот кој ги повредил одредбите од овој законик.“

Член 46

Членот 77 се менува и гласи:

„(1) Резултати од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес се објавуваат најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите.

(2) При објавување на резултатите од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес, медиумите се должни да наведат податоци за името на нарачателот кој го побарал и го платил испитувањето, институцијата што го извршила испитувањето, применетата методологија, големината и структурата на испитаниот примерок и периодот во кој е спроведено испитувањето.“

Член 47

Во членот 83 став (2) алинеја 3 зборовите: “од 20.000 евра во денарска противвредност“ се заменуваат со зборовите: “до 5% од вкупниот приход во претходната година“.

Во ставот (3) по зборот „член“ запирката се заменува со точка, а зборовите до крајот на реченицата се бришат.

Член 48

По членот 84-а се додава нов член 84-б, кој гласи:

„Член 84-б

(1) Организаторот на изборната кампања е должен единаесеттиот ден од денот на изборната кампања да поднесе финансиски извештај за приходите и расходите на жиро-сметката за изборна кампања од денот на нејзиното отворање до крајот на десеттиот ден од изборната кампања.

(2) Организаторот на изборната кампања е должен еден ден по завршување на изборната кампања да поднесе финансиски извештај за приходите и расходите на жиро-сметката за изборна кампања за втората половина од изборната кампања.

(3) Извештаите од ставовите (1) и (2) на овој член се поднесуваат на образец пропишан од министерот за финансии во кој се содржани податоците за име односно назив на донаторот, вид и вредност на донации, датум на добивање на донации и расходите за секоја донација и приходи и расходи за време на изборната кампања.

(4) Извештаите се поднесуваат до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и до Државната комисија за спречување на корупцијата, кои се должни да ги објават на своите веб страници.“

Член 49

Во членот 85 ставовите (1), (2), (3) и (4) се менуваат и гласат:

„(1) Организаторот на изборната кампања е должен веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на завршување на изборната кампања да поднесе вкупен финансиски извештај за изборната кампања.

(2) Финансискиот извештај за изборната кампања се поднесува на образецот од членот 84-б став (3) на овој законик.

(3) Финансискиот извештај се поднесува до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупцијата и Собранието на Република Македонија, а за локалните избори и до советот на општината и Советот на градот Скопје.

(4) Финансискиот извештај од ставот (3) на овој член Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупцијата јавно ги објавуваат на своите веб страници.“

Ставот (6) се менува и гласи:

„Државниот завод за ревизија доколку утврди неправилности во финансискиот извештај на организаторот на изборната кампања, кои се спротивни на одредбите на овој законик поднесува барање за поведување на прекршочна постапка или пријава до надлежниот јавен обвинител во рок од 30 дена од денот на утврдувањето на неправилностите.“

Член 50

Во членот 86 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Право на надоместок на трошоци за избори имаат организаторите на изборна кампања од чии листи на кандидати не е избран кандидат за претседател на Републиката, кандидат за пратеник, кандидат за член на совет, односно кандидат за градоначалник во висина од 15 денари по добиен глас ако освоиле најмалку 1,5% од вкупниот број гласови од излезените граѓани на ниво на Републиката, изборната единица, односно општината.“

Ставовите (2) и (3) стануваат ставови (3) и (4).

Член 51

Во членот 89 алинеја 6 зборот “графитно“ се брише.

Член 52

Во членот 91 став (3) по зборот “веднаш“ се додаваат зборовите: “а најдоцна во рок од 24 часа“.

Член 53

Во членот 92 став (1) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: “на територијата на Република Македонија“.

Член 54

Во членот 101 став (3) точката на крајот на реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: “но не започнува со броење на гласовите пред 19,00 часот“.

Член 55

Во членот 105 став (4) зборовите: „Овластените домашни“ се заменуваат со зборот „Акредитираните“.

Во ставот (5) зборовите: „овластените домашни“ се заменуваат со зборот „акредитираните“.

Член 56

Во член 106 се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

„(2) Овластените претставници на подносителите на листи за време на гласањето и на местото на гласањето носат беџ со бројот на избирачкото место за кое се овластени.

(3) Избирачкиот одбор може да го отстрани секое лице кое при гласањето користи мобилен телефон или апарат за сликање на гласачкото ливче. “

Член 57

Во членот 109 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

“(4) Избирачот гласа истовремено кога се одржуваат два или повеќе видови на избори или референдумско изјаснување.“

Член 58

Во членот 113 ставот (1 ) се брише.

Ставот (2) станува став (1).

Ставот (3) кој станува став (2) се менува и гласи:

“(2) Општинската изборна комисија е должна по добивање на списоците за избирачите од ставот (1) на овој член, веднаш да ги достави до казнено-поправните домови каде што избирачите се на издржување казна затвор или се во притвор.“

Ставовите (4), (5) и (6) стануваат ставови (3), (4) и (5).

Член 59

Во членот 113-а став (1) по кратенката “ДКП“ се додаваат зборовите: “односно конзуларните канцеларии“.

“По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

(2) Гласањето во странство се спроведува во ДКП или конзуларните канцеларии на Република Македонија во странство:

Република Албанија - Тирана,

Република Австрија - Виена која ги покрива Словачката Република и Јапонија,

Австралија - Камбера и Мелбурн,

Кралство Белгија - Брисел која го покрива Големото Војводство Луксембург,

Босна и Херцеговина - Сараево,

Република Бугарија - Софија која ја покрива и Република Молдавија,

Канада - Отава и Торонто,

Народна Република Кина - Пекинг која ги покрива Демократска Народна Република Кореја, Монголија и Социјалистичка Република Виетнам,

Република Хрватска - Загреб,

Кралство Данска - Копенхаген,

Арапска Република Египет - Каиро,

Република Естонија - Талин,

Француска Република - Париз и Стразбур која ја покрива Португалската Република,

Сојузна Република Германија - Берлин, Бон и Минхен,

Република Грција - Атина и Солун,

Република Унгарија - Будимпешта,

Индија - Њу Делхи,

Италија - Рим и Венеција која ја покрива Малта,

Држава Израел -Тел Авив,

Света Столица Ватикан,

Кралство Холандија - Хаг,

Република Полска - Варшава,

Романија - Букурешт,

Руска Федерација - Москва која ја покрива Република Белорусија,

Република Србија - Белград,

Република Словенија - Љубљана,

Кралство Шпанија - Мадрид,

Кралство Шведска - Стокхолм која ја покрива Република Финска,

Швајцарска Конфедерација - Берн и Женева која го покрива Принципатот Лихтенштајн,

Република Турција - Анкара и Истанбул која ги покрива Саудиска Арабија, Обединетите Арапски Емирати, Република Казахстан, Киргистанската Република, Азербејџанската Република и Република Узбекистан,

Украина - Киев,

Обединето Кралство на Велика Британија и Северна Ирска - Лондон која ги покрива Ирска и Република Исланд,

САД - Вашингтон, Детроид, Чикаго и Њујорк,

Држава Катар - Доха,

Црна Гора - Подгорица,

Чешка Република - Прага,

Република Косово - Приштина и

Кралство Норвешка - Осло.“

Ставовите (2), (3), (4), (5), (6) и (7) стануваат ставови (3), (4), (5), (6), (7) и (8).

Член 60

Во членот 114 алинејата 2 станува алинеја 3.

Алинејата 3 станува алинеја 2.

Член 61

Во членот 116 став (1) по зборовите: “вкупниот број на избирачи кои гласале“ се додаваат зборовите: “вкупниот број на болни и немоќни лица кои гласале“.

Во ставот (3) зборот “евентуалните“ се брише.

Член 62

Во членот 117 став (7) зборовите: “Овластените домашни“ се заменува со зборот “Акредитираните“.

Член 63

Во членот 118 став (2) зборовите: “овластените домашни“ се заменуваат со зборот “акредитираните“.

Член 64

По членот 118 се додава нов член 118-а, кој гласи:

“Член 118-а

(1) Записниците и другиот изборен материјал од гласањето во ДКП избирачкиот одбор му ги предава на надлежното лице од ДКП кое го определува Државната изборна комисија (во натамошниот текст: надлежно лице од ДКП) во рок од пет часа по завршување на гласањето. За ова предавање се составува посебен записник.

(2) Примерок од записниците од гласањето во ДКП направени како копија под индиго добива секој претставник на подносителот на листата, а овластените акредитирани набљудувачи добиваат примерок од табеларниот дел од записникот. Оригиналниот примерок кој претходно е со печат од Државната изборна комисија се доставува до надлежното лице од ДКП.

(3) Надлежното лице од ДКП е должно записникот од гласањето во ДКП целокупниот изборен материјал од гласањето во ДКП и еден примерок од посебниот записник од ставот (1) на овој член веднаш по дипломатска пошта да ги достави до Државната изборна комисија.“

Член 65

Во членот 119 по ставот (1) се додаваат три нови става (2) , (3) и (4), кои гласат:

“(2) За својата работа општинската изборна комисија составува записник.

(3) Во записникот за гласањето се внесуваат податоци за сумираните гласови од гласањето, редниот број на избирачките места во изборната единица за која е надлежна, вкупниот број на избирачи за тие избирачки места запишани во изводите од Избирачкиот список, вкупниот број на избирачи што гласале, вкупниот број на болни и немоќни лица

кои гласале, вкупниот број на неважечки гласачки ливчиња и вкупниот број на гласови што ги добила секоја листа на кандидати од избирачките места за кои таа општинска изборна комисија е надлежна.

(4) Во записникот се внесуваат и забелешките дадени од членовите на општинската изборна комисија.“

Член 66

По членот 119 се додава нов член 119-а, кој гласи:

“Член 119-а

(1) Записникот од членот 119 на овој законик го потпишуваат претседателот и членовите на општинската изборна комисија.

(2) Записникот е важечки ако е потпишан од мнозинството членови на општинската изборна комисија.

(3) Претседателот на општинската изборна комисија е должен да ги наведе причините за непотпишување на записникот од член на комисијата.

(4) Претседателот на општинската изборна комисија е должен на присутните претставници на подносителите на листите ако имаат забелешки, да им се овозможи да бидат евидентирани во записникот и тие да бидат основа во постапката за заштита на избирачкото право.

(5) Примерок од записникот добива и секој претставник на подносителот на листата, а акредитираните набљудувачи добиваат примерок од табеларниот дел од записникот.“

Член 67

Во членот 121 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

“(3) За претседател е избран кандидатот кој добил мнозинство гласови од избирачите кои гласале, доколку гласале повеќе од 40% од избирачите.“

Член 68

Во членот 125 став (2) по зборовите: “вкупниот број на избирачи што гласале“ се додаваат зборовите: “вкупниот број на болни и немоќни лица кои гласале“.

Член 69

Во членот 126 став (5) зборот „домашните“ се заменува со зборот „акредитираните“.

Член 70

По членот 127 се додава нов член 127-а, кој гласи:

“Член 127-а

(1) Државната изборна комисија ги сумира и ги утврдува вкупните резултати од гласањето во трите изборни единици во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија.

(2) За пратеник е избран кандидатот кој добил поголем број на гласови од избирачите кои гласале, но не помалку од 2% од вкупниот број на запишани избирачи во изборната единица.“

Член 71

Во членот 128 став (2) по алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

„- вкупниот број на болни и немоќни лица и“.

Член 72

Во членот 131 став (2) по алинејата 2 се додава нова алинеја 3, која гласи:

"- вкупен број на болни и немоќни лица кои гласале."

Во ставот (3) зборот "домашните" се заменува со зборот "акредитираните".

Член 73

Во членот 135 став (2) по зборот "објавува" се додаваат зборовите: "веднаш, а најдоцна".

Член 74

Во членот 136 став (3) зборовите: "најдоцна во рок од 24 часа од конечното завршување на изборите" се заменуваат со зборовите: " веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа од денот на нивната конечност".

Член 75

Во членот 147 ставот (3) се менува и гласи:

"Приговорите се поднесуваат во писмена форма и содржат:

- место, време, опис на направената повреда, сторителот и доказите на кои подносителот се повикува,

- име, презиме и потпис на подносителот на приговорот, односно на овластениот претставник и

- електронско сандаче за прием на писмена."

Во ставот (4) по зборот "приговор" запирката се заменува со сврзникот "и", а зборовите: "и жалба " се бришат.

Ставот (5) се брише.

По ставот (6) кој станува став (5) се додаваат два нови става (6) и (7), кои гласат:

"(6) Доставувањето на приговори и тужби за гласање во изборните единици во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија не е дозволено по пошта, а се врши преку овластениот претставник во Република Македонија.

(7) Одлуките на Управниот суд се правосилни и против нив не може да се изјави жалба или друг вид на правна заштита."

Член 76

Во членот 148 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

"(4) Одлуката од ставот (3) на овој член се доставува во електронско сандаче за прием на писмена и одлуката се смета за доставена во рок од пет часа од доставувањето во електронското сандаче."

Ставовите (4) и (5) стануваат ставови (5) и (6).

Ставот (5) се менува и гласи:

"(5) Против одлуката на Државната изборна комисија, подносителот на приговорот по кој одлучувал, Државната изборна комисија може да поднесе тужба до Управниот суд во рок од 48 часа од приемот на решението."

Член 77

Во членот 149 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

"(2) Секој избирач на кого му е повредено избирачкото право во постапката за спроведување на гласањето во странство може да поднесе приговор до Државната изборна комисија во рок од 24 часа по брза пошта, а времето на поднесување на приговорот се смета од времето на предавањето на пратката."

Ставовите (2), (3) и (4) стануваат ставови (3), (4) и (5).

Член 78

Во членот 150 став (1) по зборот “седница“ се додаваат зборовите: “за која ги информираат овластените претставници по чии тужби се одлучува“.

Член 79

Во членот 154 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

“(2) Ако на пратеник кој е избран од листата на кандидати од трите изборни единици во Европа и Азија, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија му престане мандатот според еден од основите утврдени во членот 152 на овој законик, се распишуваат дополнителни избори за избор на пратеници во изборната единица од која е избран пратеникот.“

Член 80

Во членот 161 став (1) алинејата 1 се менува и гласи:

“- домашни здруженија и странски организации, кои се регистрирани согласно со закон, најмалку една година пред денот на одржувањето на изборите, а во чии статути е вклучено начелото на заштита на човековите права,“.

Ставот (2) се менува и гласи:

“Државната изборна комисија ја утврдува процедурата за набљудување на изборите и изборната постапка.“

Член 81

По членот 162 се додава нов член 162-а, кој гласи:

“Член 162-а

Само акредитираните набљудувачи можат да информираат за текот на изборниот процес и активностите поврзани со неговото набљудување.“

Член 82

По членот 178 се додава нов член 178-а, кој гласи:

„Член 178-а

Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот суд се спроведува постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците.“

Член 83

По членот 179 се додаваат два нови члена 179-а и 179-б, кои гласат:

“Член 179-а

Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на регистрирана политичка партија, коалиција и независен кандидат, односно овластен претставник или негов заменик на подносител на листа на кандидати, ако ги употребат податоците од избирачкиот список за други цели или ги користат на денот на изборите за евидентирање на лицата кои гласаат (член 55 ставови (1) и (4)).

Член 179-б

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако не го почитува рокот за започнување и завршување на изборната кампања (член 69-а став (2)).

(2) Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице кое ја попречува и оневозможува изборната кампања (член 73).“

Член 84

Членот 181 се менува и гласи:

“(1) Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на радиодифузерот, ако:

- не ги почитува правилата од членот 75 ставови (2) и (3) на овој законик и
- кој нема да обезбеди рамноправно претставување на учесниците во изборниот процес (членови 75 став (5) и 75-а став (1)).

(2) Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорниот уредник за дејствијата од ставот (1) на овој член.“

Член 85

Членот 182 се менува и гласи:

“(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на радиодифузерот и печатениот медиум, ако:

- емитува дополнително време за платено политичко рекламирање на реален час спротивно на членот 75-а став (1) од овој законик,
- не утврди ценовник за платено политичко рекламирање на изборните програми на учесниците во изборниот процес (член 75-а став (2)),
- не го објави ценовникот во периодот од започнувањето до завршувањето на изборната кампања ( член 75-а став (3)),
- го изменат ценовникот во текот на изборната кампања (член 75-а став (4)),
- не ги достават ценовниците до надлежните органи (член 75-а став (5)) и
- не обезбедат рамноправно претставување на учесниците во изборниот процес (член 75-а став (6)).

(2) Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на главниот и одговорен уредник за дејствијата од ставот (1) на овој член.“

Член 86

Членот 183 се менува и гласи:

“(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на радиодифузерот, ако:

- го објави изборното пропагандно известување без наведување дека се работи за платено политичко рекламирање и ако не го одвои од другите содржини на медиумите (член 76 став (1)),
- јасно не го означи нарачателот на платеното политичко рекламирање (член 76 став (2)),
- го објави изборното пропагандно известување со учество на малолетници во платено политичко рекламирање (член 76 став (3)) и
- емитува платено политичко рекламирање во вести, информативни, образовни и програми за деца, во преноси од верски, спортски, културни и други настани (член 76 став (4)).

(2) Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на главниот и одговорен уредник за дејствијата од ставот (1) на овој член.“

Член 87

По членот 183 се додава нов член 183-а, кој гласи:

„Член 183-а

Глоба во износ од 1.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на главниот и одговорен уредник на јавното гласило, ако:

- ги објави резултатите од испитувањето на јавното мислење спротивно на членот 77 став (1) од овој законик и
- ги објави резултатите од испитување на јавното мислење, а не ги наведе податоците утврдени во членот 77 став (2) на овој законик.“

Член 88

По членот 188 се додава нов член 188-а, кој гласи:

„Член 188-а

Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на организаторот на изборната кампања, ако

- не ги достави финансиските извештаи во рокот утврден со членот 84-б ставови (1) и (2) на овој законик.“

Член 89

Во членот 189 став (1) зборовите: “политичка партија“ се заменуваат со зборовите: “организатор на изборната кампања“.

Член 90

По членот 189 се додава нов член 189-а, кој гласи:

“Член 189-а

(1) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на радиодифузерот или печатениот медиум кој нема да поднесе извештај за рекламниот простор искористен од секој организатор на изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа, најдоцна 15 дена по денот на завршувањето на изборната кампања (член 85-а).

(2) Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорниот уредник за дејствијата од ставот (1) на овој член.“

Член 91

Членот 190 се менува и гласи:

“(1) Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице доколку постапи спротивно на одредбите на членот 74 од овој законик.

(2) Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на лице кое при гласањето користи мобилен телефон или апарат за сликање на гласачкото ливче.

(3) Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на лицето од членот 106 на овој законик, ако во времето и местото на гласањето носи ознака или симбол на политичка партија или кандидат и ако за време на гласањето не носи беџ.”

Член 92

Заменикот на претседателот на Државната изборна комисија продолжува да ја врши функцијата како потпретседател на Државната изборна комисија до истекот на мандатот за кој е избран.

Член 93

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од десет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 94

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Изборниот законик.

Член 95

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".